Република Северна Македонија
**Министерство за финансии**

МФРСМ.Ф.8.5/9-2



# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

јануари, 2021 година

Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

## СОДРЖИНА

Резиме ....2

1. Реален сектор

Индустриско производство ....3

Број на работници во индустријата ....4

Деловни тенденции во преработувачката индустрија ....4

Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите ....5

Инфлација ....6

Берзански цени ....7

2. Надворешнотрговска размена

Извоз ....9

Увоз ....10

Салдо на трговска размена ....11

Валутна структура ....12

3. Фискален сектор

Буџетски приходи според економската класификација ....12

Буџетски расходи според економската класификација ....13

Буџетско салдо.. ....15

Расходи по буџетски корисници ....15

4. Социјален сектор

Нововработени и регистрирани невработени лица во Агенција за вработување ....17

Плати ....18

Пензии ....18

5. Монетарен и финансиски сектор

Примарни пари ....19

Депозитен потенцијал ....20

Кредити на банките ....21

Каматни стапки на депозитни банки ....21

Пазар на капитал ....22

Девизни резерви ....22



Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

# Р Е З И М Е

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

јануари, 2021 година

- Индустриското производство во јануари 2021 година забележа пад од 13,5% во споредба со истиот месец претходната година;
- Потрошувачките цени во јануари 2021 година се зголемија за 1,9% во однос на јануари 2020 година;
- Во јануари 2021 година извозот забележа раст од 15,4%, а увозот од 5,3%, што резултираше со намалување на трговскиот дефицит за 29,0% споредено со истиот месец 2020 година;
- Вкупните приходи на Буџетот во јануари 2021 година изнесуваа 14.808 милиони денари, односно 2,1% од БДП, што претставува пониско остварување за 5,1% во однос на истиот месец 2020 година;
- Вкупните расходи на Буџетот во јануари 2021 година изнесуваа 17.503 милиони денари, односно 2,5% од БДП, што е за 4,1% повеќе во однос на истиот период 2020 година;
- Вкупните кредити на банките во јануари 2021 година се зголемија за 4,6% во споредба со јануари 2020 година, а вкупниот депозитен потенцијал на банките оствари раст од 6,3%.

# 1. РЕАЛЕН СЕКТОР

## Индустриско производство

**Графикон 1.1:** Индустриско производство
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

**Графикон 1.2:** Структура на растот на индустријата
*(придонеси во п.п.)*




Извор: ДЗС.

Индустриското производство во јануари 2021 година забележа пад од 13,5% во споредба со истиот месец претходната година, со што повторно се враќаат негативните движења по растот во претходниот месец. Падот во јануари 2021 година се јавува како последица на намаленото производство во сите сектори. Преработувачката индустрија опадна за 9,4% (придонес од -7,5 п.п.), рударскиот сектор забележа пад од 34,3% (придонес од -3,7 п.п.), а енергетскиот сектор опадна за 11,7% (придонес од -1,2 п.п.).

Раст на производството во јануари 2021 година бележат 11 од вкупно 27 индустриски гранки коишто сочинуваат 25,8% од вкупната индустрија. Од гранките со повисока додадена вредност, раст во јануари 2021 година е забележан кај производството на машини и уреди од 30,3% и придонес од 1,9 п.п., како и кај производството на електрична опрема од 11,7% и придонес од 0,4 п.п.. Од традиционалните гранки, во јануари 2021 година производството на тутунски производи бележи раст од 27,2% (придонес од 0,5 п.п.), додека производството на облека бележи пад од 26,9% (придонес од -2,2 п.п.), а прехранбената индустрија пад

**Графикон 1.3а:** Гранки со позитивен придонес во растот
*(стапки на раст во %, јануари 2021 година)*




1 - Производство на машини и уреди
2 - Производство на метали
3 - Останата производствена индустрија
4 - Производство на тутунски производи
5 - Производство на ел. опрема

Извор: ДЗС.

**Графикон 1.3б:** Гранки со негативен придонес во растот
*(стапки на раст во %, јануари 2021 година)*




1 - Производство на моторни возила
2 - Вадење на руди на метал
3 - Производство на облека
4 - Производство на текстил
5 - Производство на др. неметални минерални производи

Извор: ДЗС.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

од 9,2% (придонес од -1,0 п.п.).

Падот на производството според намената на произведените единици во јануари 2021 година е главно последица на намаленото производство на енергија од 31,9% (придонес од -3,9 п.п.), капитални производи од 18,0% (придонес од -3,9 п.п.) и нетрајни производи за широка потрошувачка од 8,3% (придонес од -2,8 п.п.).

## Број на работници во индустријата

Бројот на работници во индустријата во јануари 2021 година е намален за 3,7%. Падот се должи на намалениот број работници во сите сектори, и тоа: Рударство и вадење камен од 7,2%, Преработувачка индустрија од 3,5% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 2,9%. Меѓутоа, постојат гранки со значителен раст на вработеноста, како што се производството на фабрикувани метални производи со раст од 13,6%, производството на останата транспортна опрема од 10,6%, како и поправката и инсталирањето машини и опрема од 8,7%.

**Графикон 1.4:** Вработеност и продуктивност во индустријата
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во јануари 2021 година во однос на истиот период минатата година покажуваат дека намалување на бројот на работници има во сите групи, а тоа е најизразито кај интермедијарните производи, освен енергија од 4,9% и нетрајните производи за широка потрошувачка од 4,1%.

## Деловни тенденции во преработувачката индустрија

Економската состојба на деловните субјекти во јануари 2021 година е поповолна во однос на декември 2020 година, а понеповолна споредено со јануари 2020 година.

Просечното искористување на капацитетите на деловните субјекти во јануари изнесува 69,4% од нормалното искористување, што претставува раст споредено со декември 2020 година кога изнесувало 69,2%. На годишна основа, искористеноста на капацитетите е намалена за 1,7

**Графикон 1.5:** Деловни тенденции во преработувачка индустрија






Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

п.п..

Најголемо влијание врз ограничувањето на обемот на производството во јануари имаат следните фактори: недоволната странска побарувачка со 21,7%, неизвесното економско окружување со 16,6%, недостигот на квалификувана работна сила со 15,8%, недоволната домашна побарувачка со 14,5%, финансиските проблеми со 10,3% и други фактори.

Состојбата на обезбеденоста на производството со порачки во јануари 2021 година споредено со декември 2020 година е поповолна, како и очекувањата за обемот на производството во наредните три месеци, а залихите на готови производи се зголемени на месечна основа.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во јануари 2021 година издадени се вкупно 199 одобренија за градење, што претставува пад од 24,6% во однос на истиот месец 2020 година. Споредено со декември 2020 година, бројот на издадени одобренија за градење е намален за 34,8%. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во јануари 2021 година споредено со јануари 2020 година е пониска за 40,9%, а на месечна основа за 45,9%.

**Графикон 1.6:** Одобренија за градење и вредност на работите
*(број во единици; вредност во милиони денари)*




Извор: ДЗС.

**Графикон 1.7:** Структура на издадените одобренија за градење по региони *(јануари 2021)*




Извор: ДЗС.

Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење, 105 (или 52,8%) се наменети за објекти од високоградба, 38 (или 19,1%) за објекти од нискоградба и 56 (или 28,1%) за реконструкција на објекти.

Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 199 издадени одобренија за градба, на 90 објекти (или 45,2%) како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 109 објекти (или 54,8%) инвеститори се деловни субјекти.

Со издадените одобренија за градење во јануари 2021 година предвидена е изградба на 182 стана, со вкупна корисна површина од 17.325 м$^2$. Бројот на предвидени станови за изградба на месечно ниво е намален за 51,1%, а на годишно ниво за 68,1%.

**Графикон 1.8:** Предвидена вредност на објектите по региони
*(во илјада денари)*




## Инфлација

Потрошувачките цени во јануари 2021 година се зголемија за 1,9% во однос на јануари 2020 година забрзувањето на растот на стапката на инфлација произлегува најмногу од зголемувањето на цените на храната, алкохолот и тутунот, а делумно и од од растот на цените на енергијата (цената на електричната енергија се зголеми во август со одлука на РКЕ за 7,4%), додека претходниот месец цените регистрираа раст од 2,3% на годишно ниво. Стапката на инфлација за 2020 година изнесува 1,2% и истата е стабилна со најголем придонес од промените на цените на храната. Стапката на инфлација во 2021 година се очекува да оди во нагорна линија меѓутоа сè уште е нагласена неизвесноста од движењето на светските цени на примарните производи во следниот период, како резултат на вториот бран од пандемијата на ковид-19.

Од друга страна, стапката на инфлација во еврозоната во јануари забрза и се зголеми за 0,9% на годишно ниво по падот од 0,3% во декември 2020 година, при што категоријата храна, алколол и тутун има најголем позитивен придонес од 1,5%, следен со порастот на цените на услугите и индустриските добра од по 1,4% и енергијата за 4,1%.

**Графикон 1.9:** Инфлација според COICOP
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Во јануари 2021 година, цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци, којашто има најголемо учество при пресметката на Индексот на трошоците на животот, се зголемија за 2,3% на годишно ниво. Зголемувањето се должи на порастот на цените во повеќе поткатегории, а најмногу на цените на Маслото (13,0%), Овошјето (3,5%) и Зеленчукот (3,3%). Највисок годишен раст на цените во јануари 2021 година е забележан во категоријата Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 8,0%, следен со порастот на цените на Ресторани и хотели од 6,0%, Домување, вода, електрика, гас и други горива од 4,4%, Здравствена заштита од 2,5%, Разновидни стоки и услуги

од 1,8%, Рекреација и култура од 1,1%, Мебел, покуќнина и редовно одржување на домаќинствата од 0,7%, и Образование од 0,5%.

Пад на годишно ниво е регистриран во категориите: Транспорт од 6,1%, Облека и обувки од 0,5% и Комуникации од 0,3%.

Потрошувачките цени во јануари 2021 година се намалија за 0,2% на месечно ниво (претходниот месец потрошувачките цени се зголемија за 0,4% на месечно ниво). Раст на цените на месечно ниво е регистриран и во категориите: Транспорт од 0,7%, Ресторани и хотели од 0,4%, Разновидни стоки и услуги од 0,3% и Здравствена заштита од 0,2%.

**Графикон 1.10:** Структура на инфлацијата според COICOP
*(придонеси во п.п.)*




Извор: ДЗС.

Намалување на цените на месечно ниво е регистрирано во категориите: Храна и безалкохолни пијалаци од 0,7%, Облека и обувки од 0,6%, Комуникации од 0,3% и Домување, вода, електрика, гас и други горива од 0,1%. Цените во другите категории останаа непроменети.

Цените на мало во јануари 2021 година во однос на истиот месец претходната година се зголемија за 1,6%, додека на месечна основа останаа непроменети.

## Берзански цени

Цената на суровата нафта (Brent) на светските берзи во јануари 2021 година во однос на декември 2020 година се зголеми за 9,4% и изнесува 54,6 долари за барел. Во текот на 2020 година индустријата и економската активност во светот беа силно погодени од ограничувачките мерки за спречување на ширењето на коронавирусот. Како резултат на тоа, во април 2020 година цената на нафтата го достигна дното (Графикон 1.11.), по што следеше генерално нагорен тренд на движење до крајот на годината, но и на почетокот на 2021 година. Сепак, споредено со јануари 2020 година, цената на нафтата е пониска за 14,2%.

**Графикон 1.11:** Промена на цената на суровата нафта (Брент)
*(цена во долари/барел; стапка на раст во %)*




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

Природниот гас кон крајот на 2019 година започна со тренд на надолно движење на цената, сѐ до почетокот на третиот квартал од 2020 година, кога неговата цена почна да забележува постепено зголемување. Трендот на раст се задржа до крајот на 2020 година, а продолжи и во јануари 2021 година, кога неговата цена бележи месечен раст од 12,7%.

Слично како и патеката на цената на нафтата, цената на никелот бележи нагорен тренд по достигнувањето на дното во април 2020 година, во услови на постепено закрепнување на индустриската активност, тренд којшто се задржа до крајот на годината и продолжи и во јануари 2021 година, со раст од 6,2%. Во однос на јануари 2020 година, цената на никелот се зголеми за 32,3%. Покрај никелот, месечен раст на цената во јануари забележаа и калајот и бакарот, со раст од 11,1% и 2,6%, соодветно. Останатите основни метали во јануари бележат пад на цената на месечна основа. Така, цената на цинкот се намали за 2,7%, на алуминиумот за 0,5% и на оловото за 0,3%.

**Графикон 1.12:** Берзански цени на метали
*(цени во долари/тон)*




Извор: Светска банка.

Во јануари 2021 година, цената на железната руда порасна за 9,1% на месечно ниво, и истата изнесува 170 долари за единица сув метрички тон, што е историски највисоко ниво во последните 10 години.

Во однос на благородните метали, златото во август 2020 година достигна историски највисока цена на светските берзи, по што следеше надолен тренд на движење на цената сѐ до крајот на годината. Во јануари 2021 година, цената на златото порасна за 0,5% во однос на претходниот месец. Цените на платината и среброто во јануари 2021 година споредено со декември 2020 година исто така се зголемија, за 6,1% и 3,7%, соодветно.

Цената на пченката на светските берзи во јануари 2021 година на месечна основа се зголеми за 18,0%, а цената на пченицата за 10,1%.

# *2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА*

Вкупната надворешнотрговска размена во јануари 2021 година изнесува 1.150,1 милион евра и бележи раст од 9,7% во однос на јануари 2020 година.

Во јануари 2021 година, учеството на размената со Европската Унија (ЕУ 27[1]), како најголем трговски партнер, е намалено за 0,8 п.п. споредено со јануари претходната година, и изнесува 61,7%. Германија е најзначаен трговски партнер на нашата земја. Во структурата на вкупната надворешнотрговска размена на нашата земја, учеството на трговската размена со Германија во јануари 2021 година изнесува 30,5% и е зголемено за 4,0 п.п. во однос на истиот месец 2020 година.

**Графикон 2.1:** Надворешна трговија *(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

## Извоз

Вредноста на извезените стоки во јануари 2021 година изнесува 527,3 милиони евра и бележи раст од 15,4% (70,3 милиони евра) во однос на истиот месец 2020 година, по растот од 8,2% во декември 2020 година. Физичкиот обем на извозот е намален за 10,1% во споредба со јануари 2020 година.

**Графикон 2.2**: Надворешно-трговска размена со Германија и ЕУ 27 *(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Анализирано на месечно ниво, во јануари 2021 година извозот бележи пад од 3,3% (18,0 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот, истиот регистрира месечен раст од 1,4%, што укажува на негативното влијание на сезонскиот фактор (4,7 п.п.) врз извозот овој месец.

**Графикон 2.3:** Структура на извозот по СМТК




Извор: ДЗС.

Главни групи производи (според СМТК[2]) со најголемо учество во извозот во јануари 2021 година се: хемиски материи и производи, железо и челик, облека, метална руда и отпадоци од метал,

[1]Започнувајќи од февруари 2020 година, Велика Британија се распределува во групацијата - Останати земји
[2] Стандардна меѓународна трговска класификација



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

пијалаци и тутун и нафта и производи од нафта. Овие шест групи производи сочинуваат 46,6% од вкупниот извоз на државата.

Анализирано според економските групации[3] на земјите, во јануари 2021 година споредено со јануари 2020 година, извозот бележи раст кај групациите: ЕУ 27, Западен Балкан и Заедница на независни држави, додека пад има кај групациите: ЕФТА, Организација на земјите извознички на нафта и нафтени деривати, Северноамериканска зона на слободна трговија и Организација за економска соработка на земји од Азиско - пацифичкиот регион. Извозот во ЕУ 27 бележи раст од 21,9% на годишно ниво, а кај земјите од Западен Балкан раст од 3,3%, при што извозот на стоки во ЕУ 27 и земјите од Западен Балкан во вкупниот извоз на Република Северна Македонија учествува со 83,7% и 7,9%, соодветно.

**Графикон 2.4:** Структура на извозот по економска намена *(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

## Увоз

Вредноста на увозот во јануари 2021 година изнесува 622,8 милиони евра и бележи раст од 5,3% (31,4 милиони евра) во однос на истиот месец 2020 година, по растот од 1,4% во декември 2020 година. Увезените количини стоки се намалени за 20,0%.

Анализирано на месечно ниво, во јануари 2021 година увозот бележи пад од 21,4% (169,6 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот, истиот регистрира месечен пад од 1,7%, што укажува

**Графикон 2.5:** Структура на увозот по економска намена *(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

[3] Економските групации ги опфаќаат следните земји: ЕУ 27 (Австрија, Белгија, Бугарија, Хрватска, Кипар, Чешка, Германија, Данска, Естонија, Шпанија, Финска, Франција, Грција, Унгарија, Ирска, Италија, Литванија, Луксембург, Латвија, Малта, Холандија, Полска, Португалија, Романија, Шведска, Словенија и Словачка); ЕФТА (Швајцарија, Исланд, Лихтенштајн и Норвешка); Организација на земјите извознички на нафта и нафтени деривати (Обединети Арапски Емирати, Ангола, Алжир, Еквадор, Ирак, Иран, Кувајт, Либија, Нигерија, Катар, Саудиска Арабија и Венецуела); Западен Балкан (Албанија, БиХ, Црна Гора, Северна Македонија, Косово и Србија); Северноамериканска зона на слободна трговија (Канада, Мексико и САД); Организација за економска соработка на земјите од Азиско - пацифичкиот регион (Австралија, Брунеи, Канада, Чиле, Кина, Хонг Конг, Индонезија, Јапонија, Кореа, Мексико, Малезија, Нов Зеланд, Перу, Папуа Нова Гвинеја, Филипини, Русија, Сингапур, Тајланд, Тајван, САД и Виетнам) и Заедница на независни држави (Ерменија, Азербејџан, Белорусија, Киргистан, Казахстан, Молдавија, Русија, Таџикистан, Туркменистан, Украина и Узбекистан).



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

на негативното влијание на сезонскиот фактор (19,7 п.п.) врз увозот овој месец.

Табела 2.1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи производи

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-2020 | I-2021 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 3,9 | 2,2 | -1,8 | -45,2 |
| Мил. ЕУР | 85,9 | 136,1 | 50,2 | 58,5 |
| Мил.$ | 95,3 | 165,7 | 70,4 | 73,9 |

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-2020 | I-2021 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 2,4 | 2,0 | -0,4 | -17,9 |
| Мил. ЕУР | 16,6 | 15,3 | -1,3 | -7,8 |
| Мил.$ | 18,4 | 18,6 | 0,2 | 1,0 |

*)Претходни податоци

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-2020 | I-2021 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 65,2 | 66,4 | 1,2 | 1,8 |
| Мил. ЕУР | 50,0 | 55,4 | 5,5 | 11,0 |
| Мил.$ | 55,5 | 67,4 | 12,0 | 21,6 |

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-2020 | I-2021 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 81,5 | 51,6 | -29,9 | -36,7 |
| Мил. ЕУР | 35,3 | 27,0 | -8,3 | -23,5 |
| Мил.$ | 39,2 | 32,8 | -6,3 | -16,1 |

*)Претходни податоци

| Извоз на електрични машини и делови *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-2020 | I-2021 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 5,8 | 6,5 | 0,7 | 12,0 |
| Мил. ЕУР | 76,7 | 74,5 | -2,2 | -2,9 |
| Мил.$ | 85,1 | 90,5 | 5,5 | 6,4 |

| Увоз на електрични машини и делови *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-2020 | I-2021 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 4,7 | 4,5 | -0,1 | -3,1 |
| Мил. ЕУР | 59,3 | 55,9 | -3,4 | -5,8 |
| Мил.$ | 65,8 | 68,0 | 2,2 | 3,3 |

*)Претходни податоци

## Салдо на трговска размена

Во јануари 2021 година, трговскиот дефицит се намали за 29,0% односно 38,9 милиони евра споредено со истиот месец 2020 година.

Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, намалувањето на дефицитот е резултат од намалувањето на негативното салдо во размената со горива и мазива, стоки за инвестиции без транспортна опрема, храна и пијалаци и стоки за широка потрошувачка. Од друга страна, кон зголемување на негативното салдо дејствуваше зголемувањето на дефицитот во размената со индустриски набавки, како и намалувањето на позитивното салдо во размената со транспортна опрема.

**Графикон 2.6:** Надворешно-трговска размена
*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Во јануари 2021 година најголем трговски дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија, Кина, Грција и Србија, а потоа следуваат: Полска, Турција, Бугарија, Романија, Русија и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово, Словачка, Унгарија, Шпанија, Холандија и Италија.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура, 92,6% од трговската размена во јануари 2021 година е реализирана во евра, што во однос на јануари 2020 година претставува зголемување за 6,6 п.п.. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 94,4% и 91,0%, соодветно, при што застапеноста на еврото кај извозот е зголемена за 3,2 п.п., додека застапеноста на еврото кај увозот е зголемена за 9,0 п.п. во однос на јануари 2020 година.

Табела 2.2 Надворешно трговска размена на Република Северна Македонија (по валути); пресметки на МФ

| увоз | I - 2020 | | | | | I - 2021 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
| ЕУР | 342,0 | 484.978.208 | 61,5375 | 29.844.346.501 | 82,0 | 288,4 | 566.863.144 | 61,5891 | 34.912.590.839 | 91,0 | 81.884.935 | 16,9 |
| УСД | 200,4 | 111.055.071 | 55,4065 | 6.153.172.773 | 16,9 | 145,5 | 61.568.904 | 50,5704 | 3.113.564.083 | 8,1 | -49.486.167 | -44,6 |
| ГБП | 0,4 | 1.530.449 | 72,4555 | 110.889.452 | 0,3 | 0,2 | 1.240.640 | 68,9436 | 85.534.220 | 0,2 | -289.809 | -18,9 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 542,8 | | | 36.108.408.725 | 98,9 | 434,1 | | | 38.111.689.142 | 99,4 | | |
| вк извоз: | 543,7 | | | 36.395.368.140 | 100,0 | 435,0 | | | 38.360.882.797 | 100,0 | | 5,4 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРСМ

# *3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР*

## Буџетски приходи според економската класификација

Вкупните приходи на Буџетот во јануари 2021 година изнесуваа 14.808 милиони денари, односно 2,1% од БДП, што претставува пониско остварување за 5,1% во однос на истиот месец претходната година и ја отсликува намалената економска активност како резултат на здравствено-економската криза.

Даночните приходи се реализирани во износ од 8.798 милиони денари и во однос на истиот месец лани се намалени за 3,4%.

**Графикон 3.1:** Приходи по категории
*(износи во милиони денари)*




Извор: МФ.

Данокот на додадена вредност е остварен во износ од 4.352 милиона денари, што претставува намалување од 1,6% во однос на јануари 2020 година, со доминантно учество во вкупните даночни приходи од 49,5%. Притоа, ДДВ е наплатен во бруто-износ од 6.254 милиони денари, од кои на даночните обврзници им е извршен поврат во износ од 1.902 милиона денари (бруто-наплатата е пониска за 10,1%, додека повратот по основ на ДДВ е понизок за 25,0% споредено со јануари 2020 година). Во структурата на ДДВ најголемо е учеството на ДДВ од увоз којшто забележува пониско остварување за 9,4%, додека ДДВ од прометот во земјата забележа намалување од 10,7%.

Акцизите се остварени во износ од 1.913 милиони денари (учество од 21,9% во даночните приходи), што претставува намалување од 2,3% во споредба со истиот месец 2020 година. Така, од овие два индиректни данока вкупно се остварени приходи од 6.283 милиони денари, што претставува 71,4% од вкупните даночни приходи во јануари 2021 година.

Приходите од данокот на личен доход се остварени во износ од 1.320 милиони денари и бележат пад од 6,0% на годишна основа, при што 65,9% од приходите се од плата и други лични примања, 8,9% од приходи од игри на среќа и наградни игри, 6,5% од приходи по основ на договор на дело, 6,3% од приходи од капитал и 12,4% од други видови данок на доход.

Приходите од данокот на добивка во овој период изнесуваа 654 милиони денари и забележаа помало остварување за 6,7% во однос на истиот период претходната година, при што данокот по месечни аконтации се намали за 14,0%. Драстични промени се забележуваат кај даночните биланси, кои во јануари 2021 година се позитивни (истиот месец претходната година беа во негативната зона), како и кај данокот на добивка по основ на дивиденди и др. распределба, којшто во јануари годинава е речиси незначителен.

Приходите од царина се остварени во износ од 488 милиони денари и забележаа намалување од 11,4%. Приходите од други даноци со остварен износ од 53 милиони денари забележаа зголемување за 8,2% во однос на јануари минатата година.

Социјалните придонеси се остварени во износ од 4.730 милиони денари, што претставува пониско остварување за 1,2% споредено со истиот месец 2020 година. Притоа, наплатата кај придонесите за пензиско и инвалидско осигурување е пониска за 0,9%, кај придонесите за здравствено осигурување за 1,8% и кај придонесите за вработување за 2,5%.

Неданочните приходи се остварени во износ од 859 милиони денари и во однос на јануари 2020 година забележаа пониско остварување за 16,3% (во овие приходи спаѓаат приходите од профит од јавни институции, административни такси и глоби, концесии и др.).

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди, се оствариja во износ од 79 милиони денари, што е намалување од 71,7% во однос на јануари минатата година.

Приходите од странски донации од меѓународна и билатерална соработка се оствариja во износ од 292 милиона денари и се намалени за 2,3% во однос на истиот период лани.

## Буџетски расходи според економската класификација

Вкупните расходи на Буџетот во јануари 2021 година изнесуваа 17.503 милиони денари, односно 2,5% од БДП, што е за 4,1% повеќе во однос на истиот период од 2020 година.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

Во структурата на реализираните вкупни расходи, тековните расходи во износ од 16.065 милиони денари учествуваа со 91,8% и се намалени за 2,1% во однос на јануари 2020 година.

Платите и надоместоците се реализирани во износ од 2.495 милиони денари што претставува зголемување за 3,0% во однос на јануари претходната година, а нивното структурно учество во вкупните расходи на Буџетот изнесува 14,3%.

Расходите за стоки и услуги изнесуваа 817 милиони денари и споредено со истиот месец 2020 година забележаа намалување од 19,7%.

Доминантно учество во тековните расходни ставки имаа трансферите коишто изнесуваа 11.619 милиони денари. Средствата за трансфери забележаа поголема реализација за 0,1% споредено со јануари 2020 година и истите учествуваа со 66,4% во вкупните расходи.

**Графикон 3.2:** Расходи по категории
*(износи во милиони денари)*




Извор: МФ.

Средствата за социјални трансфери изнесуваа 9.325 милиони денари, забележаа зголемување од 6,0% и учествуваа со 53,3% во вкупните расходи. Трансферите кон Фондот на пензиското и инвалидското осигурување, коишто зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, се реализирани во износ од 5.878 милиони денари, што е зголемување за 6,5% споредено со истиот месец 2020 година и учествуваат со 33,6% во вкупните расходи. Учеството на категоријата други трансфери, коишто ги вклучуваат трансферите кон единиците на локалната самоуправа, во вкупните расходи изнесува 12,0%, односно се намалија за 18,4% и се реализирани во износ од 2.105 милиони денари. Блок дотациите кон единиците за локална самоуправа во износ од 1.593 милиони денари забележаа зголемување од 1,7% во споредба со јануари претходната година. Субвенциите и трансферите изнесуваа 326 милиони денари што е за 60,1% помалку споредено со јануари 2020 година.

Каматните расходи изнесуваат 1.134 милиони денари, што е за 17,0% помалку во споредба со истиот период 2020 година. Расходите за камати од домашно задолжување се намалени за 13,1%, додека каматите од странско задолжување се намалени за 18,1%.

Во анализираниот период, средствата за капитални расходи се реализирани во износ од 1.438 милиони денари со структурно учество од 8,2% во вкупните расходи, при што се зголемени 3,5 пати во споредба со јануари 2020 година. Највисоко ниво на капитални расходи е остварено преку разделот Министерство за финансии –

функции на држава, во износ од 2.649 милиони денари, односно 54,0% од планираните за 2021 година.

## Буџетско салдо

Во јануари 2021 година е остварен дефицит во Буџетот на Република Северна Македонија од 2.695 милиони денари, што претставува 0,4% од БДП, додека дефицитот на Централниот буџет е остварен во износ од 2.172 милиона денари и претставува 0,3% од БДП.

## Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници, чиј вкупен годишен буџет изнесува 85% од вкупниот буџет на сите буџетски корисници.

Во јануари 2021 година, преку разделот Министерство за финансии – функции на држава[4] реализирани се 5.177 милиони денари што претставува 8,3% од предвидените за 2021 година. Капитални расходи (2.649 милиони денари) е главна ставка во вкупните расходи на овој буџетски корисник со учество од 51,2%. За отплата на главнина се издвоени 1.169 милиони денари (2,7% од планираното), односно 22,6% од вкупните расходи на овој буџетски корисник. По основ на каматни плаќања отпаѓаат 21,9% од вкупните расходи, за што се реализирани 1.135 милиони денари, или 12,0% од вкупниот буџет за оваа намена.

**Графикон 3.3:** Структура на расходите по буџетски корисници и раздели *(јануари 2021 година)*




Извор: МФ.

Министерството за труд и социјална политика во јануари 2021 година реализираше 4.282 милиона денари или 8,1% од вкупниот буџет за тековната година. Притоа, најголем дел (68,7%) од расходите во овој период се наменети за тековни трансфери до буџетските фондови, за што се потрошени 2.941 милион денари или 8,1% од средствата наменети за 2021 година. Втора најзначајна расходна ставка е социјални бенефиции, којашто учествува со 23,2% во вкупните расходи и за оваа намена реализирани се 8,3% (992 милиона денари) од планираните за 2021 година.

[4] Во рамките на овој раздел опфатени се активности како што се: навремено сервисирање на обврските на државата по основ на домашно и странско задолжување; редовна исплата на оперативните трошоци на државата по претходно доставена документација за исплата; учество во капиталот на меѓународни финансиски институции; плаќање ДДВ по основ на капитални инвестиции финансирани од донации, финансирање на проектите од поодделните компоненти од ИПА итн.

Министерството за образование и наука во анализираниот период изврши буџетски средства во износ од 1.734 милиони денари, што е 6,4% од вкупниот буџет за 2021 година. Најголем дел од расходите (78,1%) претставуваат тековни трансфери до ЕЛС, за што се потрошени 1.355 милиони денари или 8,3% од вкупно планираните средства. Плати и надоместоци е втора најзначајна ставка со учество од 18,7%, за што се потрошени 325 милиони денари, односно 7,6% од вкупно предвидените.

Во анализираниот период, од страна на Министерството за внатрешни работи вкупно се реализирани 846 милиони денари, што претставува 7,1% од сопствениот буџет за 2021 година. Најзначајна расходна ставка претставува плати и надоместоци со учество од 77,4%, за што се потрошени 655 милиони денари или 8,1% од планираното. Втора најзначајна ставка е стоки и услуги со учество од 13,4%, за што се реализирани 113 милиони денари или 4,5% од годишниот план.

Министерството за одбрана во јануари 2021 година реализираше буџетски средства во износ од 555 милиони денари, што е 5,0% од вкупниот буџет за оваа година. Платите и надоместоците имаат најголемо учество во расходите со 61,0%, за што во јануари 2021 година се реализирани 338 милиони денари (8,0% од вкупно предвидените средства за тековната година). Расходите за стоки и услуги учествуваат со 22,5% во вкупните расходи, за што во анализираниот период се потрошени 125 милиони денари, односно 4,7% од вкупно предвидените.

Владата на Република Северна Македонија во јануари 2021 година реализираше вкупно 131 милион денари, односно 1,9% од планираните средства за 2021 година. Притоа, субвенциите и трансферите кои учествуваат со 59,7% во вкупните расходи на овој буџетски корисник беа реализирани во износ од 78 милиони денари (1,4% од предвидените средства).

Министерството за здравство во јануари 2021 година изврши буџетски средства во износ од 317 милиони денари, што е 4,6% од вкупниот буџет за 2021 година. Стоките и услугите имаат најголемо учество во расходите со 77,3%, за што во овој период се потрошени 245 милиони денари или 7,9% од средствата наменети за 2021 година.

Министерството за транспорт и врски во овој период реализираше средства во износ од 24 милиони денари, што е 0,5% од вкупниот буџет за тековната година. Реализацијата на капиталните расходи изнесува 0,03% од предвиденото (1,3 милиони денари).

Во јануари 2021 година, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) реализираше средства во износ од 8,5 милиони денари што претставува 0,2% од планираните средства за тековната година. За плати и надоместоци, коишто учествуваат со 97,3% во вкупните расходи, реализирани се 8,1% од планираните средства.

Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следниот линк (*http://finance.gov.mk/mk/node/693*).



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

# 4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР

## Нововработени и регистрирани невработени лица во Агенцијата за вработување

Во јануари 2021 година во Агенцијата за вработување регистрирани се вкупно 12.404 нови засновани работни односи. Вкупниот број нововработени е понизок за 29,1% во однос на јануари 2020 година.

Од вкупниот број нововработени 38,0% се вработени на неопределено време, додека останатиот дел се вработени на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број засновани нови работни односи во јануари 2021 година, 22,7% се од евиденцијата на невработени.

**Графикон 4.1:** Преглед на невработени лица
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ.

Вкупниот број невработени лица во јануари 2021 година изнесува 248.974, од кои 158.681 се активни баратели на работа, а 90.293 се останати невработени лица. Во однос на истиот месец претходната година, вкупниот број невработени лица е зголемен за 30,4%. Силниот пораст на невработеноста којшто започна од април минатата година е предизвикан од здравствено-економската криза, којашто негативно влијаеше врз вработеноста во најмногу погодените сектори. Бројот на невработени лица континуирано се зголемува од јануари 2020 година, главно како резултат на активните баратели на работа, додека бројот на останатите невработени во иститот период се зголемува со послаб интензитет.

**Графикон 4.2:** Преглед на нови вработувања
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ.

Најголем дел од активните невработени лица (62,8%) се градско население, а според половата структура 49,8% се мажи. Според степенот на образование, поголемиот дел, односно 63,3% од невработените се со непотполно средно образование или помалку, 26,8% се со завршено средно образование, додека 9,9% имаат вишо или повисоко ниво на образование.

По возрасни групи, најголемиот дел или 51,2% од невработените припаѓаат на возрасната група 25 - 49 години. Според времето на чекање на вработување, 49,2% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 4,1% чекаат 8 и повеќе години.

## Плати

Просечната номинална нето-плата во декември 2020 година оствари годишен раст од 5,4%, а во однос на претходниот месец е повисока за 2,6%. Најголем раст на просечната нето-плата се забележува во следните сектори: Информации и комуникации (15,5%), Рударство и вадење камен (10,5%) и Дејности на здравствена и социјална заштита (10,0%). Реалните плати во декември забележаа годишен раст од 3,1%.

**Графикон 4.3:** Просечна нето-плата
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Просечната номинална бруто-плата во декември 2020 година оствари годишен раст од 5,7%, а во однос на претходниот месец е повисока за 2,6%. Најистакнат раст на просечната бруто-плата се забележува во следните сектори: Информации и комуникации (14,9%), Рударство и вадење камен (10,9%) и Дејности на здравствена и социјална заштита (10,4%). Реалната бруто-плата забележа годишен раст од 3,4 %.

**Графикон 4.4:** Просечна нето-плата по сектори
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

## Пензии

Во јануари 2021 година, во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување евидентирани се 322.349 пензионери. Од вкупниот број пензионери, 67,2% се корисници на старосна пензија, 23,0% се корисници на семејна пензија и 9,8% се корисници на инвалидска пензија.

**Графикон 4.5:** Корисници на пензии и просечна пензија
*(корисници во единици; просечна пензија во денари)*




Извор: ФПИОСМ.
Забелешка: Во податоците за август не се вклучени корисниците кои својата пензија ја примале преку Еуростандард банка

Просечната пензија во јануари 2021 година изнесува 15.627 денари и е за 2,3% повисока во однос на истиот месец минатата година[5]. Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во декември 2020 година (последни расположливи податоци) изнесува 54,6%.

Просечната старосна пензија во јануари 2021 година изнесува 16.895 денари, просечната инвалидска пензија изнесува 14.126 денари, а просечната семејна пензија 12.567 денари. За исплата на пензиите во јануари 2021 година се потрошени 4.939 милиони денари, што претставува 53,0% од вкупните социјални трансфери.

# *5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР*

Во јануари 2021 година, Народната банка ја задржа основната каматна стапка на постојното ниво од 1,5%, откако претходно ја намали каматната стапка на благајничките записи во три наврати од почетокот на годината поради условите коишто произлегуваат од пандемијата на ковид-19 и мерките за спречување на ширењето на вирусот, коишто неповолно влијаат како врз глобалната така и врз домашната економија. Целта на намалувањето на основната каматна стапка до нивото од 1,5%, како и досегашното позначајно намалување на понудениот износ на благајнички записи, придонесе за натамошно зголемување на ликвидноста на банкарскиот систем и поддршка на кредитните текови во економија, односно одржување на кредитниот циклус и ублажување на ефектите од негативниот шок врз домашната економија.

**Графикон 5.1:** Валутна структура на депозити и кредити (јануари 2021 година)




Извор: НБРСМ.

Каматната стапка на расположливите депозити на 7 дена остана непроменета во однос на минатиот месец и изнесува 0,3%.

## Примарни пари

Во јануари 2021 година, примарните пари[6] се зголемија за 15,5% споредено со јануари 2020 година. Растот на примарните пари се должи на растот на готовите пари во оптек за 18,4% како и на зголемувањето на вкупните ликвидни средства за 11,8%. На месечно ниво, примарните пари се намалија за 0,1%, што е резултат на

[5] При пресметката на просечната пензија не се вклучени воените и земјоделските пензии.

[6] Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

намалувањето на готовите пари во оптек за 1,1%, додека вкупните ликвидни средства на банките регистрираа раст од 1,1%.

## Депозитен потенцијал[7]

Вкупните депозити на банките во јануари 2021 година се намалија за 0,5% на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека споредено со претходниот месец, депозитите на приватните претпријатија се намалија за 3,3%, а депозитите на домаќинствата регистрираа раст од 0,2%.

Од аспект на валутата, во јануари 2021 година споредено со претходниот месец депозитите во домашна валута се намалија за 1,5%, а депозитите во странска валута регистрираа зголемување од 0,9%.

Вкупниот депозитен потенцијал во јануари 2021 година оствари раст од 6,3% на годишна основа. Анализирано според валутата, депозитите во домашна валута и депозитите во странска валута се зголемија за 4,9% и 8,5%, соодветно.

Од аспект на секторот, на годишно ниво овој месец депозитите на претпријатијата и депозитите на домаќинствата бележат раст од 16,8% и 4,7%, соодветно.

Според рочноста, на годишно ниво краткорочните депозити се зголемија за 4,2%, а долгорочните депозити се намалија за 6,4%.

Валутната структура на депозитите и понатаму останува стабилна, при што учеството на депозитите во домашна валута доминира во депозитната база и изнесува 59,6%.

Табела 5.1. Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор;

| **Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор (јануари 2021 година)** | **Во милиони денари** | **Месечна промена** | **Годишна промена** |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Депозитен потенцијал** | *432.539* | *-0,5%* | *6,3%* |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *257.833* | *-1,5%* | *4,9%* |
| *Странска валута* | *174.706* | *0,9%* | *8,5%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *180.917* | *1,1%* | *4,2%* |
| *Долгорочни* | *103.306* | *-0,2%* | *-6,4%* |
| | | | |
| **Кредити на приватен сектор** | *356.943* | *-0,1%* | *4,6%* |
| Според валута: | | | |

[7]НБРСМ ги објави податоците од монетарната статистика, статистиката на останатите финансиски институции и статистиката на каматните стапки, по нова методологија. Методолошките промени се направени заради усогласување со препораките од новообјавениот Прирачник и упатство за монетарната и финансиската статистика на ММФ од 2016 година (MFSMCG – IMF, 2016) и Техничката мисија на ММФ од областа на монетарната и финансиската статистика во НБРСМ од 2015 година.

| | | | |
|---|---|---|---|
| *Денари* | *209.005* | *0,0%* | *4,8%* |
| *Странска валута* | *147.938* | *-0,3%* | *4,3%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *56.739* | *1,6%* | *-5,4%,* |
| *Долгорочни* | *283.678* | *-0,6%* | *7,9%* |
| *Сомнителни и спорни побарувања* | *12.073* | *3,0%* | *-24,1%* |

Извор: НБРСМ

## Кредити на банките

Во јануари 2021 година, вкупните кредити на банките кон приватниот сектор се намалија за 0,1% во споредба со минатиот месец. Секторската анализа укажува дека кредитите кон претпријатијата регистрираа пад од 0,3%, додека кредитите кон домаќинствата останаа непроменти. Од аспект на валутата, во јануари 2021 година, на месечно ниво денарските кредити останаа непроменети, а девизните кредити овој месец се намалија за 0,3%.

**Графикон 5.2:** Депозити и кредити
*(стапки на раст во %)*




Извор: НБРСМ.

На годишна основа, во јануари 2021 година вкупните кредити се зголемија за 4,6%, во услови на раст на кредитите на домаќинствата од 7,4% и раст на кредитите кон претпријатијата од 1,7%. Кредитите во домашна валута се зголемија за 4,8%, а кредитите во странска валута за 4,3%.

Од аспект на рочноста, долгорочните кредити бележат годишен раст од 7,9%, а краткорочните кредити се намалија за 5,4%.

## Каматни стапки на депозитни банки

Во јануари 2021 година, вкупната каматна стапка на кредитите се намали за 0,01 п.п. во споредба со претходниот месец и изнесува 4,62%. Каматната стапка на денарските кредити се намали за 0,02 п.п. и изнесува 5,0%, додека каматната стапка на девизните кредити остана непроменета и изнесува 4,17%.

**Графикон 5.3:** Каматни стапки на депозити и кредити
*(во %)*




Извор: НБРСМ.

Вкупната каматна стапка на

депозитите во јануари 2021 година изнесува 0,93% и е намалена за 0,02 п.п. во однос на минатиот месец. Каматната стапка на денарските депозити изнесува 1,31% и е намалена за 0,02 п.п. во однос на декември 2020 година, а каматната стапка на девизните депозити е намалена за 0,01 п.п. и изнесува 0,54%.

## Пазар на капитал

На пазарот на капитал, во јануари 2021 година вкупниот промет на берзата регистрираше раст од 3,5% на месечно ниво, како резултат на растот на прометот од блок трансакциите за 25,4%, додека прометот од класичното тргување се намали за 1,8%.

**Графикон 5.4:** Вкупен промет на берза и движење на МБИ 10
*(промет во милиони денари; МБИ 10 во индексни поени)*




Извор: МБ.

Вкупниот промет на берзата во јануари 2021 година изнесуваше 514,1 милион денари и истиот е намален за 11,7% на годишно ниво.

Македонскиот берзански индекс МБИ-10 на крајот на јануари 2021 година изнесуваше 4.896,29 индексни поени, при што на месечно ниво индексот е зголемен за 4,1%, а во однос на истиот месец претходната година регистрираше раст од 0,5%.

## Девизни резерви

Бруто девизните резерви на крајот на јануари 2021 година изнесуваа 3.335,74 милиони евра и во однос на претходниот месец се намалија за 0,7%, а во однос на јануари 2020 година регистрираа раст од 7,6%.